



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616.97
616.98:613.88

МАРКОВСКИ, Вело
И животот е сексуално преносив : сексуално преносливи заболувања / Вело Марковски. - Скопје : В. Марковски, 2015. - 207 стр. : илустр.; 26 см

Библиографија: стр. 195-206

ISBN 978-608-65916-0-1

а) Сексуално преносливи болести
COBISS.MK-ID 99976714

Повеќе од 30 различни бактерии, вируси и паразити предизвикуват сексуално преносливи инфекции, а се пренесува главно преку сексуален контакт, вклучувајќи вагинален, анален и орален секс. Некои од овие инфекции може да

се пренесат преку директен конткт на кожа со кожа. Истотака причинителите кои предизвикуваат сексулно преносливи болести може дасе пренесат и преку трансфузија на крв и трансплантација на органи. Осум од 30 познати патогени кои се пренесуваат преку сексуален контакт се со најголема инциденца. Од овие 8 инфекции, 4 успешно може да се лекуваат: сифилис, гонореја, кламидија и трихомонијаза. Другите четири: хепатитис Б, херпес, ХИВ и ХПВ се вирусните инфекции и како такви сеуште се неизлечиви, но може да се ублажат или модулира нивниот тек.

Во оваа книга во 18 поглавја се обработени најчестите и најзначајните СПИ кои се јавуваат во развиениот свет, каде што и припаѓа Република Македонија. Од бактериските болести гонореа, сифилис, хламидија трахоматис, микоплазма, од вирусните ХИВ, хепатитис Б, херпес вирусите, ХПВ (хуман папилома вирус) од габичките кандидијазата, од протозоите трихомонас вагиналис, и од паразитите шугата и вошливоста. Покрај нив како посебни целини се опишани тропските СПБ. Во првото поглавје на 77 страни е опишана анатомијата и физиологијата на сексуалниот однос.